**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 бр. 11-141**
**10.05.2022 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 141 став 13 од истиот Закон, точка 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015 г., Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.11-1894/1 од 05.05.2022 г. и Заклучокот арх.бр.02-1904/3 од 09.05.2022 г., Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 17-та седница, одржана на 09.05.2022 г., го донесе следното:

# Решение
## за јавно опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмскиот сервис

1. **ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА** операторот на јавна електронска комуникациска мрежа, Друштвото за телекомуникации СКУПИ КАБЛЕ ДОО Скопје, заради тоа што реемитувало програмски сервис кој не е регистриран во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги согласно член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
Повредата од став 1 од оваа точка специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.11-1894/1 од 05.05.2022 г., кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

2. **МУ СЕ НАЛОЖУВА** на операторот на јавна електронска комуникациска мрежа Друштвото за телекомуникации СКУПИ КАБЛЕ ДОО Скопје, веднаш по приемот на ова решение да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно да го исклучи реемитувањето на програмскиот сервис.

3. Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор наведен во точка 1 на ова решение, постапил по решението за јавно опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмскиот сервис.

4. Доколку субјектот на надзорот наведен во точка 1 на ова решение, не постапи по решението односно продолжи со вршење на повредата за која е јавно опоменат, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги согласно член 23 став 1 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка пред надлежен суд.

5. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) во согласност со член 6 став 1 алинеја 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ) презема мерки во согласност со овој закон во случаите кога е извршена повреда

на одредбите од ЗААВМУ или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите.

Врз основа на член 28 од ЗААВМУ, Агенцијата е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од овој закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во рамките на своите законски надлежности, а согласно член 27 и член 28 од ЗААВМУ, Агенцијата на 05.05.2022 г., изврши редовен програмски надзор на програмските сервиси реемитувани од страна на операторот Друштвото за телекомуникации СКУПИ КАБЛЕ ДОО Скопје, при што констатираше дека наведениот оператор кој според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на територијата на општина Арачиново и Скопје, на 05.05.2022 г. за своите корисници реемитувал програмски сервис кој не е опфатен со потврдата за регистрација на програмски сервиси издадена од Агенцијата, што е спротивно на член 141 од ЗААВМУ. Констатациите од надзорот се детално специфицирани во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.11-1894/1 од 05.05.2022 г., кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

Следствено на тоа, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од ЗААВМУ, а во врска со член 141 став 13 од истиот Закон, точка 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.11-1894/1 од 05.05.2022 г., и Заклучокот арх.бр.02-1904/3 од 09.05.2022 г., поради констатирано непочитување на одредбите од ЗААВМУ наведено во точка 1. на ова решение, Советот на Агенцијата, донесе решение со кое кон погоре наведениот субјект се презема мерка јавна опомена и му се наложува веднаш по приемот на решението да го исклучи реемитувањето на програмскиот сервис и да го усогласи своето работење со одредбите од ЗААВМУ, на начин што ќе го исклучи реемитувањето на програмскиот сервис.

Агенцијата ќе изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали наведениот субјект постапил по налогот, односно по јавната опомена и престанал со реемитување на програмскиот сервис.

Согласно член 24 од ЗААВМУ, ова решение е конечно и против него операторот на јавна електронска комуникациска мрежа може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение операторот на јавна електронска комуникациска мрежа може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Прилог (1):

- Писмен извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.11-1894/1 од 05.05.2022 г.

Доставено до:

- Друштво за телекомуникации СКУПИ КАБЛЕ ДОО Скопје;
- Управителот/одговорно лице на Друштво за телекомуникации СКУПИ КАБЛЕ ДОО Скопје;
- Сектор за стратешко планирање и заштита на авторските права;
- Сектор за правни работи и јавни набавки;
- Назначените лица во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на уписникот Уп1 и
- Агенцијата за електронски комуникации на РСМ.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Врз основа на член 28 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), се доставува


Примено / Pranuar: 05.05.2022
11 | 1894 | 1


## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. Програмскиот надзор се врши како: редовен

2. Субјекти на надзорот: Друштво за телекомуникации СКУПИ КАБЛЕ ДОО Скопје

3. Датум на извршување на надзорот: 05.05.2022 година.

4. Предмет на надзорот:

Надзорот се врши врз исполнувањето на обврските утврдени во следните членови од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21):

4.1. член 64 став 2 – „Доколку програмските сервиси што се реемитуваат преку јавни електронски комуникациски мрежи се титлуваат на јазик различен од јазикот на кој оригинално се произведени, мора да бидат титлувани на македонски јазик, или на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија, освен телешопингот и рекламите".

4.2. член 141 став 13 – „Доколку Агенцијата врз основа на извршен програмски надзор согласно со овој закон утврди дека оператор реемитува програмски сервис кој не е регистриран согласно со овој член, Агенцијата во рок од седум дена од извршениот програмски надзор ќе донесе решение со кое ќе му наложи на операторот веднаш да го исклучи реемитувањето на програмскиот сервис".

5. Претходно изречени мерки: нема

6. Констатации од надзорот:

Со надзорот беше констатирано дека Друштво за телекомуникации СКУПИ КАБЛЕ ДОО Скопје, кое според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на територијата на општина Арачиново и Скопје, на 05.05.2022 година за своите корисници го реемитувал програмскиот сервис „IN TV", кој не е опфатен со потврдата за регистрација на програмски сервиси издадена од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, што е спротивно на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ПРЕДЛОГ МЕРКА:

1. Директорот на Агенцијата да му предложи на Советот да донесе решение со кое на операторот Друштво за телекомуникации СКУПИ КАБЛЕ ДОО Скопје ќе му изрече мерка јавна опомена и ќе му наложи веднаш по приемот на решението, согласно точка 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно да го исклучи реемитувањето на програмскиот сервис кој не е регистриран во Агенцијата.

2. Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали операторот постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во решението донесено од страна на Советот на Агенцијата.

3. Решението од точка 1 да се достави до Агенцијата за електронски комуникации на Република Северна Македонија.

Одделение за заштита на авторски права, Сектор за стратешко планирање и авторски права

Листа на нотифицирани субјекти

**Почетен датум:** /
**Географско подрачје:** /
**Тип на нотификација:** /
**Целосен назив:** Друштво за телекомуникации СКУПИ КАБЛЕ ДОО Скопје
ул. Тале Христов ББ
Скопје

| Оператор | Мрежа/Услуга | Тип на услуга | Географско подрачје | Вид на мрежа | Датум на услугата | Краен датум |
|---|---|---|---|---|---|---|
| СКУПИ КАБЛЕ ДОО Скопје | Јавна кабелска мрежа | Локално географско подрачје | Арачиново | Сопствена | 15.09.2015 | |
| СКУПИ КАБЛЕ ДОО Скопје | Услуги за пренос на податоци | Широко-појасен пристап на интернет (битска брзина помеѓу 256 kbit/s и 30 Mbps) | Арачиново | | 15.09.2015 | |
| СКУПИ КАБЛЕ ДОО Скопје | Услуги поврзани со радиодифузија | Реемитување на телевизиски програмски сервиси | Арачиново | | 15.09.2015 | |
| СКУПИ КАБЛЕ ДОО Скопје | Услуги за пренос на податоци | Широко-појасен пристап на интернет (битска брзина помеѓу 256 kbit/s и 30 Mbps) | Скопје | | 01.01.2014 | |
| СКУПИ КАБЛЕ ДОО Скопје | Јавна кабелска мрежа | Локално географско подрачје | Скопје | Сопствена | 01.07.2011 | |
| СКУПИ КАБЛЕ ДОО Скопје | Услуги поврзани со радиодифузија | Реемитување на телевизиски програмски сервиси | Скопје | | 01.07.2011 | |

**Потврдено од Агенција за електронски комуникации на датум:**
**05.05.2022**